**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), а врз основа на Одлуката за бенефициите, привилегиите и другите финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на Друштвото (Арх. број 29439/1 од 28.11.2001 година), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 30.12.2011 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за дополнување на Одлуката за бенефициите, привилегиите и другите финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото со оваа Одлука го одобрува дополнувањето на Одлуката за бенефициите, привилегиите и другите финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на Друштвото (Арх. број 29439/1 од 28.11.2001 година), како што следи:

Во Член 1, став 1, алинеата 3 се менува со дополнување на зборовите „и на Заменикот Претседател" по зборовите „на Претседателот " со што алинеата 3 ќе гласи:
„ – на Претседателот и на Заменикот Претседател на Одборот на директори да користи за службени потреби службено возило на Друштвото."

### Член 2

Сите останати одредби од Одлуката за бенефициите, привилегиите и другите финансиски трошоци на членовите на Одборот на директори на Друштвото остануваат непроменети и истите се во сила.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**